# Номинирање на лице за наградата Victorian Senior of the Year Award (Викториски сениор на годината)

Упатство

**OFFICIAL**

Примањето на предлози за номинации за наградите Victorian Senior of the Year (Викториски сениор на годината) започнува во понеделник, 5 мај 2025 година.

Започнете да го подготвувате вашиот предлог за номинација навреме, следејќи четири лесни чекори.

## Четири лесни чекори за пријавување

### 1. Проверете дали лицето ги исполнува условите

Кандидатите за наградите „Викториски сениор на годината“ мора да бидат:

- државјани или постојани жители на Австралија,
  - жители на Викторија и
  - на возраст од 60 години или постари или
- Абориџини и/или лица од островите од Теснецот Торес кои живеат во Викторија и се на возраст од 50 години или постари.

Не се прифаќаат номинации за себеси.

### 2. Изберете категорија на наградa

Постојат шест категории на награди:

- Со **Premier's Award for Victorian Senior of the Year (Награда на Премиерот за викториски сениор на годината)** се оддава признание на поединец за извонреден и траен придонес во локалната заедница и во Викторија.
- Со **наградите на Советот за стареење (COTA) на Викторија, Senior Achiever Awards (Награди за високи постигнувања на сениори),** им се оддава признание на шампионите во локалната заедницата кои даваат значителен придонес за позитивното стареење во својата заедница.
- Со **Emerging Impact Award (Награда за ново влијание)** се оддава признание на поединец кој е нов во волонтирањето и има значајно влијание во својата локална заедница.
- Со **Positive Ageing Award (Награда за позитивно стареење)** се оддава признание на поединец кој ја подобрува благосостојбата на постарите лица во неговата заедница преку промовирање на позитивно и активно стареење.
- Со **Promotion of Multiculturalism Award (Награда за промовирање на мултикултурализмот)** се оддава признане на поединец за значаен придонес во промовирањето на придобивките од културната разновидност во неговата/нејзината локална заедница и низ Викторија.
- Со **Veteran Community Award (Награда од заедницата на ветерани)** се оддава признание на поединец за исклучителен придонес во заедницата на ветерани. Примателот на наградата не мора да е ветеран.

## 3. Соберете информации

За да номинирате некое лице, ќе ви требаат информации за него, вклучувајќи:

- Име и презиме
- Телефонски број
- Возраст
- Имејл адреса
- Поштенска адреса

Во образецот за номинација има прашања во врска со волонтерската работа на номинираното лице. Некои од прашањата што можеби ќе треба да ги одговорите се:

- За која организација или организации лицето волонтира?
- Колку часови или денови во неделата лицето волонтира?
- Какво влијание има лицето со својот придонес во заедницата?

## 4. Најдете документи со кои се поддржува номинацијата и фотографија од лицето

Последниот чекор е давање на придружни информации. За лицето што го номинирате, ќе ви требаат:

- Препораки од две лица, влучувајќи ги и нивните податоци за контакт
- Фотографија од номинираното лице.

За повеќе информации, вклучително и условите за поднесување предлози за номинација, посетете ја веб-страницата на Seniors Online: [www.seniorsonline.vic.gov.au/awards](http://www.seniorsonline.vic.gov.au/awards)

Authorised and published by the Victorian Government, 1 Treasury Place, Melbourne.
© State of Victoria, Australia, Department of Families, Fairness and Housing, April 2025.